**20250310731**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

Врз основа на член 52 став (2) од Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19), министерот за образование и наука донесе

# ПРОГРАМА ЗА ОБУКИ ЗА СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ НА СТРУЧНИТЕ СОРАБОТНИЦИ ЗА 2025 ГОДИНА

Член 1

Со оваа програма се пропишуваат обуките за стручно усовршување на стручните соработници во основните и средните училишта за 2025 година.

Член 2

Обуките за стручно усовршување на стручните соработници во основните и средните училишта за 2025 година се од следните подрачја, потподрачја и теми за обука:

I. ЗА ОСНОВНИ УЧИЛИШТА

1. ПОДРАЧЈЕ: Работа со учениците

Потподрачје: Професионална и кариерна ориентација на учениците

Теми:

- Професионална ориентација на учениците: зајакнување на учениците преку самоспознавање и советување за кариерен развој,
- Запознавање и разбирање на различни пристапи за поддршка на учениците (когнитивно-бихејвиорални техники за решавање проблеми, трансакциони пристапи, семејно системски пристапи и слично) и
- Зајакнување на вештините на стручните соработници за советување за професионална и кариерна ориентација кај учениците (приоритетна програма).

2. ПОДРАЧЈЕ: Работа со наставниците

Потподрачје: Поддршка на наставниците во работата со учениците

Тема:

- Развој на социјални вештини и самодоверба кај учениците, справување со проблематично однесување и создавање на позитивна социо-емоционална клима на час.

3. ПОДРАЧЈЕ: Работа со родителите

Потподрачје: Вклучување на родителите во животот и работата на училиштето

Тема:

- Соработка помеѓу семејството и училиштето во спречување на врсничко насилство, кибернасилство и сл.

4. ПОДРАЧЈЕ: Соработка со заедницата

Потподрачје: Соработка со стручни институции и организации

Тема:

- Инклузивно образование во пракса.

## II. ЗА СРЕДНИ УЧИЛИШТА

1. ПОДРАЧЈЕ: Работа со учениците

Потподрачје: Поддршка на учениците во учењето

Теми:

- Стратегии за учење, методи и техники кои придонесуваат за надминување на тешкотиите во читањето, пишувањето и математиката и
- Запознавање и разбирање на различни пристапи за поддршка на учениците (когнитивно-бихејвиорални техники за решавање проблеми, трансакциони пристапи, семејно системски пристапи и слично).

Потподрачје: Следење и поддршка на развојот на учениците

Тема:

- Различни пристапи за работа со ученици со проблематично однесување.

Потподрачје: Професионална и кариерна ориентација на учениците

Тема:

- Зајакнување на вештините на стручните соработници за советување за професионална и кариерна ориентација кај учениците (приоритетна програма).

Член 3

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 18-2732/2
10 февруари 2025 година
Скопје

Министерка за образование
и наука,
проф. д-р **Весна Јаневска**, с.р.